МАКЕДОНИЈА 15 МАЈ 1965

РАЗГОВОР НА ИЗЛОЖБА

# »ВДИСТ« ПОСТОИ

## Во Работничкиот дом-универзитет во Скопје излагаат Пецо Видимче и Борислав Трајковски, членови на битолската група „ВДИСТ"

**Во Работничкиот дом — универзитет во Скопје оваа сезона ликовните изложби се сменуваат речиси секои десет дена. Сега, во салата во новата зграда е отворена заедничка изложба на двајца членови на битолската ликовна група ВДИСТ: Видимче и Трајковски. И Пецо Видимче и Борислав Трајковски излагаат по десет слики.**

Групата ВДИСТ годинава ќе одбележи десетгодишнина од своето основање. Оваа изложба служи како потврда дека групата сѐ уште постои, иако двајца нејзини членови: Видимче и Јован Димовски веќе не се во Битола. Таму се тројцата — Менде Ивановски, Перо Спировски и Борислав Трајковски.

**— Што ја поврзало и што ја одржува вашата група, — ги прашавме сликарите Видимче и Трајковски.**

— Ја создало и ја одржало пријателството меѓу нас. Не би можело да се рече дека ние приближуваат нашите ликовни концепции. Сепак, оваа изложба, се темели донекаде и на слични сликарски афинитети и ни се чини, дека на извесен начин се дополнуваме.

За сликите со кои овојпат ќе се претставува на скопската ликовна публика Трајковски вели:

— Се обидувам преку сликата да сугерирам извесна мисла, да не биде таа чиста декорација. Таа не би требало да раскажува, но сепак да биде исполнета со внатрешни сили.

**— Порано сте сликале мртва природа, пејзажи, портрети. Сега ве интересира композицијата, бојата. Фигурата веќе ја нема, пејзажот е само малку сугериран. Како ја оценувате оваа ваша најнова фаза?**



Пецо Видимче



Борислав Трајковски

— Знам дека во овие петнаесет години откако сликам како мои најдобри успеси беа сметани сликите од областа на фигуративното сликарство — рече Трајковски. А сепак, не заради „модата", туку од внатрешна потреба сега правам слики што носат називи „Губење во бесконечност", „Привремено спокојство", „Помотена хармонија". Имам и пејзажи и тие се сугерирани од пејзажите во околината на Битола, но не се нивна слика, а мој впечаток, би рекол... Сум се обидувал да сликам пак директно од природа, но тоа не ме задоволува, како да не можам да ја најдам вистинската боја и суштина, ако цврсто се држам за одредени фигури.

Додека Борислав Трајковски слика со масло, Пецо Видимче и е верен на температа:

— Моето сликарство секогаш беше инспирирано од природата. Најчесто на моите слики е човечката фигура. Јас ја барам врската со средновековното сликарство, во третманот на фигурите но во колоритот се опирам на нашиот богат фолклор и сакам низ бојата да изразам содржината. Имам работено на фреско, иконопис, копии и тоа покажува одредено влијание.

Видимче пред неколку години ја напуштил Битола, но Трајковски и понатаму живее таму. Се интересиравме како се чувствува еден уметник во внатрешноста, одделен од почести настани на ликовен план?

— Се чувствува запоставен, непотребен. Културната средина во Битола, во своето мнозинство, како да ја привлекува ефектноста, допадливоста, дилетантизмот. Огорчен сум.

На тоа Пецо Видимче додава:

— Заради тие причини јас просто избегав од Битола. Тоа се случи откако мене и Трајковски не исклучија од советот на Галеријата, заради тоа што настојувавме таа да презентира само она што е навистина квалитет. Имав големи тешкотии. Среќен сум што сум во Скопје.

Борислав Трајковски:

— Како да не бидам огорчен. Еден ден, без мое знаење, откако дванаесет години користев ателје во гимназијата „Браќа Миладиновци", ателјето беше отклучено, сликите исфрлени надвор. Мотивацијата беше дека се потребни простории за Педагошката академија. Протестирав заради начинот на кој се постапило, навистина потоа добив друго ателје, но непријатното чувство останува... Тие незгоди оневозможија да ја искористам поканата да учествувам во сликарската колонија во Ечка. Ликовниот уметник врши една културна мисија потребна за општеството, одделува од своите приходи од некоја друга дејност за да може да слика или ваја, а за тоа не добива ни материјал на сатисфакција, а што е најлошо ни морална...

Изложбата на Пецо Видимче и Борислав Трајковски ќе трае до 21 мај.

Г.



Пецо Ви